До
Одделение за прекршочна постапка-Комисија за одлучување по прекршок

Врз основа на член 10 став 1 точка 6 од Законот за Царинска управа („Сл.весник на РМ" бр. 46/04, 81/05, 107/07,103/2008,64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15 и 129/15) и член 83 став 1 од Законот за прекршоците („Сл.весник на РСМ" бр. 96/19) , поднесуваме:

## БАРАЊЕ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

**ПРОТИВ:**

Индиго Гроуп ДООЕЛ со даночен број 4028018536451, седиште на адреса с. Глумово-Сарај , жиро сметка 240190113962264-УНИ Банка АД Скопје и **Мухамед Имери,** управител на Индиго Гроуп ДООЕЛ, роден **17.11.1982**, со ЕМБГ **1711982470002** и место на живеење ул. **101 бб Д.Палчиште, Боговиње**

**ЗАТОА ШТО:**

На ден 10.02.2021 година во ЦИ Ќафасан отсек за стоково царинење направен е извоз 21МКХР50700002В95 за фирмата Индиго Гроуп, за што е заверен извозен доказ за потекло ЕУР 1 со број A gk 0066703 по приложена фактура 3/1/2021 од 01.02.2021 година. Вредноста на стоката опфатена со декларацијата и предметниот ЕУР 1 е 13.032,50 евра.
Од страна на Царинската служба на Швајцарија пристигнато е барање за верификација на доказ за потекло –ЕУР 1 со број A gk 0066703, број на барање 312.2.110.2021 од 08.03.2021 и наш број 19-016862/21-0001 од 25.03.2021 година.

На ден 26.04.2021 година од страна на комисијата за верификација за доказот за потекло, испратен е допис – покана за произнесување број 19-016862/21-0004 од 23.04.2021 до фирмата Индиго Гроуп ДООЕЛ и управителот Мухамед Имери на адреса ул. Маршал Тито бр.55 - Тетово. Писмото со дописот е вратено на ден 28.04.2021 година со назнака од поштата – "НЕПОЗНАТ".

Од страна на комисијата за верификација на ден 05.05.2021 година направен е втор обид за достава на дописот број 19-016862/21-0004 од 23.04.2021 до Индиго Гроуп ДООЕЛ и управителот Мухамед Имери на адреса ул.101 бб, Долно Палчиште, Боговиње, при што дописот повтроно е вратен преку Царинарница Битола со назнака од поштата "ВО СТРАНСТВО".
После двата неуспешни обиди контактирано е со извозникот преку застапникот, кој кажа дека пошта не доставувале пратки подолго време на адресата ул.Маршал Тито бр.55 – Тетово и не замолија доколку може да им го пратиме дописот со некоја од брзите пошти.
На ден 21.05.2021 година преку Нова пошта со адресница NPA1214323 испратен е дописот 19-016862/21-0004 од 23.04.2021 до фирмата Индиго Гроуп ДООЕЛ и управителот Мухамед Имери и истиот е примен во фирмата извозник.

Извозникот Индиго Гроуп ДООЕЛ и по истекот на рокот од 7 дена заклучно со 15.06.2021 година, нема доставено докази, барани со наведеното барање 19-016862/21-0004 од 23.04.2021. Комисијата за верификација состави записник од извршена контрола број 31-016862/21-0005 од 15.06.2021 година во која констатира дека потеклото не е докажано.
Од страна на Управникот на Царинарница Битола изготвен е и одговор до СКИ за извршена проверка на доказ за потекло 34-016862/21-0006 од 23.04.2021 година во која одговор се констатира негативен одговор и дека не се исполнети условите за стекнување преференцијално потекло.

За горенаведеното од страна на ЦИ Ќафасан-отсек за стоково царинење изготвен е записник за царински прекршо број 28-052601 /21-0001 од 02.09.2021 година, врз основа на кој се издадени прекршочни платни налози со број 28-052601 /21-0002 од 02.09.2021 година и 28-052601 /21-0003 од 02.09.2021 година, за сторен царински прекршок и тоа од страна на правното лице по член 263 а, став (4) вв став 1 точка 4 од царинскиот закон, а одговорното лице за сторен царински прекршок по член 263а став (5) вв став 1 точка 4 од истиот закон.

Согласно чл. 263а став (6) на увозникот Индиго Гроуп ДООЕЛ, и одговорното лице **Мухамед Имери** издадени им се прекршочни платни налози кои во предвидениот рок не се платени.
.

**ПОРАДИ КОЕ СЕ ПРЕДЛАГА:**

Комисијата за одлучување по прекршок како стварно и месно надлежна да покрене прекршочна постапка против пријавениот за прекршокот кој му се става на товар, и по утврдување на доказите да биде огласен за виновен и казнет според законот. По писмено изготвување на Решението, еден примерок да биде доставен до Царинска испостава Ќафасан, заради наша евиденција.

Шеф
Димитрија Костојчиноски

Прилог:

1. Записник за царински прекршок број 28-052601 /21-0001 од 02.09.2021 година
2. Прекршочен платен налог за правно лице број 28-052601 /21-0002 од 02.09.2021

Прекршочен платен налог за одговорното лице во правното лице број 28-052601 /21-0003 од 02.09.2021

Бр. 28-052601/21-0004

Ќафасан, 04.10.2021 г.

Доставено во оригинал до:
- Комисија за одлучување по прекршок
- Предмет

Доставено преку ЕДМС до:

- Комисија за одлучување по прекршок